РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр. 02-263/6
10.07.26 година
С К О П Ј Е

**ЗАПИСНИК**
**од двесте и педесетата седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители одржана на 17 јуни 2026 година**

Согласно член 12 став 1 и став 4 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РСМ" бр.129/2023 и 53/2024), на 17 јуни 2026 година, со почеток во 13:00 часот, во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители, се одржа двесте и педесетата седница на Управниот одбор на Академијата на која со физичко присуство присуствуваа: м-р Бесник Авдија, претседател на УО, Беса Адеми, член на УО и Златко Биковски, член на УО. На седницата преку средство за видеоконференциска врска присуствуваа: Спасенка Андонова, заменик претседател на УО, м-р Антоанета Димовска, член на УО, м-р Башким Бесими, член на УО, Душица Димитриеска, член на УО, д-р Али Алиу, член на УО, и Радица Лазареска Геровска, член на УО.

На седницата присуствуваше и директорката на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски, без право на глас и Анела Јанковска, вработена во Академијата за судии и јавни обвинители како лице задолжено за работа со Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.

Претседателот на Управниот одбор, претседател на Основен граѓански суд Скопје, Бесник Авдија, констатираше присуство на двајца членови на Управниот одбор со физичко присуство и присуство на шест член на Управниот одбор преку видеоконференциска врска, по што го прочита предложениот дневен ред за 250-та седница:

1. Усвојување на Записник од 249-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители одржана на 14.05.2026 година;
2. Преглед на ангажирани предавачи во Академијата за судии и јавни обвинители заради следење на квалитетот на обуките, за период јануари - мај 2026 година;
3. Разно.

Претседателот на Управниот одбор, отвори дискусија по однос на вака предложениот дневен ред, но со оглед на тоа дека немаше пријавени за збор, истиот го стави на гласање и дневниот ред беше едногласно усвоен од страна на сите членови на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.

Се премина кон разгледување на **првата точка** од дневниот ред: Усвојување на Записник од 249-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.

Претседателот на Управниот одбор отвори дискусија по однос на оваа точка, но имајќи предвид дека немаше пријавени за збор, Записникот од 249-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен од страна на сите членови на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.

Во рамки на **втората точка од дневниот ред** беше направен Преглед на ангажирани предавачи во Академијата за судии и јавни обвинители заради следење на квалитетот на обуките, за период јануари - мај 2026 година. На членовите им беше доставена табела со предавачи и теми на кои тие имале предавања.

Претседателот на УО, ја повика директорката на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски да ја образложи оваа точка.

Директорката на Академијата повикувајќи се на член 26 став 2 од Статутот на Академијата (Службен весник на РСМ бр.172/2023) кој вели „Двапати годишно Академијата врши евалуација на ангажираните предавачи заради следење на квалитетот на обуките" и член 18 од Статутот на Академијата (Службен весник на РСМ бр.172/2023) според кој директорот на Академијата за судии и јавни обвинители „двапати годишно го известува УО за начинот и за реализацијата на обуките и ангажираните предавачи и квалитетот на обуката" ги информираше членовите на УО дека во периодот за кој се дава овој извештај (јануари – мај 2026 година), организирани се вкупно 99 настани – обуки, обуки на обучувачи, конференции, работилници, форум, фокус групи, работен состанок. Од нив 91 настан се со физичко присуство, а 8 се online настани. Од вкупно 99 настани 53 се во самостојна организација на Академијата, а 46 се во соработка со домашни и странски институции, организации и проекти. Во текот на 2026 година за реализација на обуките вкупно биле ангажирани 158 предавачи. Од нив 17 се странски, а 141 се домашни предавачи. Инструмент кој го користи АСЈО за мерење на квалитетот на наставата е прашалник. Составен е од 9 прашања – 5 од затворен тип и 4 од отворен тип. Прашањата од затворен тип се одговараат со давање оцена од 1 до 6, каде 1 е најслаба оцена а 6 е највисока. Прашањата од затворен тип се однесуваат за: едно прашање општо за обуката, 3 прашања за предавачите и едно прашање за успешноста на програмата. Во посебни документи се сумираат прашалниците за судиите и обвинителите, за стручната служба и за судиите поротници. Обработените прашалници укажуваат на високо ниво на задоволство од обуките.

Од страна на вработената во АСЈО, Наташа Баштованска, советник за податочно складирање, анализи, евалуации и статистики, во однос на оваа точка беа презентирани и дообјаснети табелите со оценки по однос на предавањата на предавачите.

За збор се јави членот Златко Биковски, кој по преглед на табелата воочил дека има ситуации кога еден предавач е ангажиран за повеќе различни теми од страна на Академијата. Според него, оваа не треба да биде пракса, бидејќи на тој начин не се остава простор за некој друг предавач, односно, во ред е ако еден предавач предава на една иста тема повеќе пати, но не се согласува дека еден предавач е експерт во повеќе области. За него ова доведува до заклучок дека одредени предавачи се фаворизирани од страна на Академијата. Тој даде предлог оваа состојба да се адресира до членовите на Програмскиот совет со цел истите во иднина при вакви ситуации да го известуваат Управниот одбор на Академијата.

Според членот Али Алиу изборот на предавачи и темите на кои предаваат се вршат во координација со Академијата, а воедно, потсети и дека во помалите градови има судии кои постапуваат во различни постапки, што значи дека овие судии можат да предаваат на повеќе различни теми. Со предлог не се согласија заменик претседателот на УО Спасенка Андновска и членот Антоанета Димовска, а нивните образложенија беа во насока на тоа што го кажа членот Али Алиу.

За збор се јави директорката на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски за да образложи зошто и на кој начин еден предавач може да биде ангажиран да предава на повеќе теми. Имено, судијата Александар Шопов од АС Скопје, кој беше посочен како пример, не е ангажиран само од Академијата туку и од странските партнери на Академијата, кои високо го оцениле неговото знаење и способности. Исто така, директорката на Академијата истакна дека при изборот на предавач не се зема предвид само темата која тој ја навел како експертиза во неговата пријава за предавач,

туку, се земаат предвид и барањата на учесниците на обуките. Во конректниот случај, како што истакна таа, судијата Александар Шопов е побаран од страна на учесниците кои го оцениле како одличен предавач.

Откако, се разви широка дискусија во однос на оваа прашање претседателот на УО, Бесник Авдија, го стави на гласање предлогот на членот Златко Биковски. Со 4 гласа ЗА и 5 гласа ПРОТИВ, предлогот на членот Златко Биковски не беше прифатен.

**Под точката разно** за збор се јави членот Златко Биковски и во фокус на дискусијата го стави новиот Закон за Академијата за судии и јавни обвинители, кој веќе 6 месеци се подготвува но сеуште не е донесен. Тој потсети дека судовите и јавните обвинителства се без кадар, Академијата нема нова генерација, а тие како членови на Управниот одбор на Академијата имаа одговорност пред јавноста и треба да се запази принципот на отчетност. Во таа насока даде предлог, Академијата да се обрати до Министерството за правда, како надлежна институција да даде официјален писмен одговор до Управниот одбор до каде е оваа постапка.

Претседателот побара информација од директорката на Академијата за судии и јавни обвинители, која рече дека до овој момент, согласно нејзините сознанија овој закон сеуште е во владина процедура и се согласи со сето тоа што го изложи членот Златко Биковски.

За збор се јави и членот Радица Лазареска, која е претставник токму на Министерството за правда. Таа истакна дека ќе провери до каде е оваа постапка и ќе достави официјална информаци. Според членот Златко Биковски, поради сериозноста на состојбата, Академијата е таа која преку директорката треба официјално и во писмена форма да се обрати до Министерството за правда за да се добие писмен одговор, дотолку повеќе што и директорката се согласи и го поддржа овој предлог. За членот Златко Биковски, овој одговор ќе претставува доказ дека членовите на Управниот одбор внимателно ги следат состојбите и клучните сегменти кои се поврзани со Академијата.

Откако никој не се јави дополнително за збор во врска со овој предлог, претседателот на Управниот одбор, Бесник Авдија, го стави на гласање Предлогот на членот Златко Биковски, директорката на Академијата во писмена форма да се обрати до Министерството за правда и да побара одговор до каде е постапката со новиот Закон за Академијата за судии и јавни обвинители.

Предлог беше едногласно усвоен од сите членови на Управниот одбор.

Со оглед на тоа дека сите точки од дневниот ред беа исцрпени и никој не се јави за збор, претседателот на Управниот одбор ја затвори 250-та седница на Управниот одбор на Академијата во 13:42 часот.

Претседател на Управен одбор
м-р Besnik Avdija

Записникот го изготви Анела Јанковска,
Советник за правни пребарувања и односи со јавност